Архивски број: 08-736/6
31-12-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-736/1 од 20.10.2025 година, поднесена од Хелсиншки комитет во име на лицето ----------- и претставка бр. 08-770/1 од 31.10.2025 година, поднесена од лицето -----------, споени со заклучок бр.08-736 од 29.12.2025 година, против новинарот ----------- сторено вознемирување врз основа на попреченост во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на попреченост во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на -----------, врз лицето -----------.

## О б р а з л о ж е н и е

На 20.10.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка од страна на Хелсиншкиот комитет во име на лицето -----------, како и претставка бр.08-770 од 31.10.2025 година од лицето ----------- против новинарот ----------- за сторена дискриминација врз основа на попреченост во областа на јавно информирање и медиуми. Според наводите во поднесената претставка од Хелсиншкиот комитет, лицето ----------- се обратил кај нив поради вознемирување од страна на новинарот ----------- -----------, затоа што тој е лице со попреченост и се почувствувал вознемирено поради тоа што во емисија пријавениот кажал „а не ќоро и сакато да ни работи". Во поднесената претставката од ----------- се наведува дека во својот подкаст „----------- на 22.09.2025 година, ----------- ги изговорил зборовите „ќоро и сакато" што е директна навреда за лицата со попреченост. Поради наведеното бара јавно да се извини на сите лица со попреченост.

Комисијата на 05.11.2025 година достави до новинарот -----------, Известување бр.08-736/2 за произнесување по наводи во претставка. Во доставениот одговорот, именуваниот категорично отфрла дека неговата намера била да навреди, понижи или повреди припадници на најранливата категорија во нашето општество – лицата со попреченост. Наведува дека во својата долгогодишна работа секогаш се водел од принципите на инклузивност и поддршка , а не на дискриминација. Несвесно, во текот

на динамичната дискусија во наведената емисија невнимателно го употребил терминот кој кај подносителите на претставката предизвикал вознемиреност и негативни чувства, поради што барале јавно да се извини. Поради наведеното, чувствува огромна човечка но и морална обврска да го појасни неговиот став и истовремено да ја отстрани секоја дилема околу неговиот став кон лицата со попреченост. Во емисијата ------------ емитувана на 17.11.2025 година, јавно упатил извинување, каде го кажал следното: „Искористив термин колоквијален којшто апсолутно никако и во никаков момент нити на крај на умот ми било да навредам одредена група наши сограѓани ниту пак конкретни физички лица кога зборував за терминот колоквијално ------------ “. Апсолутно се извинувам длабоко секому ако тој термин ги навредил. Повторно потврдувам и јавно изјавувам дека никогаш во ниеден момент тоа не било наменски кажано за да се повреди таа група туку било кажано колоквијално во жарот на разговорот...“. На крајот на доставениот одговор изјавува: „Уште еднаш на овој начин им се извинувам на лицата кои ги поднеле двете претставки, директно и преку Хелсиншкиот комитет, и ги уверувам сите наши сограѓани кои се дел од ранливите категории дека, како и досега, останувам силен поддржувач на правата на лицата со попреченост и во иднина ги убедувам дека преку мојот медиумски ангажман ќе продолжам да се залагам за нивна целосна еднаквост и општествена прифатеност.

Во прилог на одговорот доставува линк од исечок од емисијата со јавно извинување ------------.

Од сето наведено, односно од наводите во претставката, произнесувањето по истата и доставените докази, Комисијата ја констатира следната фактичка состојба: лицето ------------, во својот подкаст ------------ на 22.09.2025 година, ги изговорил зборовите „ќоро и сакато“ со што предизвикал вознемирување кај лицето ------------ кое е лице со попреченост. Во одговорот по наводите на претставката------------ ја информираше Комисијата дека веднаш по добивањето на претставките, во емисијата ------------ емитувана на 17.11.2025 година, упатил јавно извинување до подносителот и до сите лица со попреченост кои се почувствувале вознемирени од зборовите „ќоро и сакато“ кои ги употребил несвесно во динамичната дискусија во наведената емисија, со што е исполнето барањето на подносителот на претставката за добивање на јавно извинување од ------------ до сите лица со попреченост.

Согласно со горенаведеното, Комисијата утврди дека врз лицето ------------ е извршено вознемирување врз основа на попреченост во областа на јавното информирање и медиуми од страна на новинарот ------------, онака како е опишано во член 10 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација, и тоа „ *Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.“*

Со оглед на горното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (2) од Закон за спречување и заштита од дискриминација ја дава следната препорака:

- СЕ ПРЕПОРАЧУВА лицето -----------, во иднина да се воздржува од употреба на термини кои предизвикуваат вознемирување на граѓаните по основ на попреченост, како и по било кој друг основ.

Доколку не се постапи согласно препораките, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ------------
- ------------
- Хелсиншки комитет
- Архива на КСЗД